# З А П И С Н И К

Од 35 -та седница на Советот на Општина Крива Паланка, одржана на 12.01.2024 година (петок) во салата на општина Крива Паланка'' со почеток во 12:00 часот.

**ЕВИДЕНЦИЈА НА ПРИСУСТВО НА СЕДНИЦА**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Крива Паланка, Изабела Павловска.

Од 19 советници во Советот на општина Крива Паланка, на седницата беа присутни 19 советници.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**:

1. ИЗАБЕЛА ПАВЛОВСКА,

**СОВЕТНИЦИ**

2. ТАЊА ДЕЈАНОВСКА МИТРОВСКА
3. НИКОЛА ЈАКИМОВСКИ
4. МЕРИ МИТРОВСКА ЈОВАНОВСКА
5. ВЛАТКО С.РИСТОВСКИ
6. МАРТИН ПОЦЕВСКИ
7. БИЛЈАНА КРСТЕВСКА
8. ДАНИЕЛ АНЃЕЛОВСКИ
9. СРЕТИМИР НИКОЛОВСКИ
10. АЛЕКСАНДРА ЈОВАНОВИЌ
11. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ
12. ЕМИЛ СПАСОВСКИ
13. ВИОЛЕТА СТАНКОВСКА СТАНОЈКОВСКА
14. ВЛАТКО Д.РИСТОВСКИ
15. ЛЕНЧЕ ИЛИЕВСКА
16. МЕНДЕ РИСТОВСКИ
17. МОМЕ КРСТЕВСКИ
18. СЛАВИЦА ПЕТКОВСКА

Претседателот со Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинството советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваа и:

Градоначалник на општина Крива Паланка Сашко Митовски
Секретар на општина Крива Паланка Мартин Николовски
Раководител на Секторот за урбанизам,сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура Маја Костадиновска

Раководител на раководител на сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на Градоначалникот Даниела Велковска

Раководител на ЛЕР Антонио Давитковски
Раководител на човечки ресурси Игор Додевски
Советник – овластен сметководител Димитар Петровски
Раководител на инспекциски надзор Бранко Велиновски
Претставник од пензионерите

Председателот со Советот го стави на усвојување записникот од 33-та седница на Совет и истиот беше усвоен со 18 гласа ЗА.

Председателот со Советот го стави на усвојување записникот од 34-та седница на Совет и истиот беше усвоен со 18 гласа ЗА.

Градоначалникот Сашко Митовски побара дополнување на дневниот ред со 2 точки повикувајќи се на член 68 од деловникот за работа на Советот дека градоначалник има право да предложи дополнување на дневниот ред на седницата со определено прашање и итноста за предлагањето да ја образложи тој или претставник што ќе биде овластен од негова страна.

Дополнителните точки предложени од страна на градоначалникот Сашко Митовски се:

1. Предлог-Одлука за домашно долгорочно задолжување на општина Крива Паланка за финансирање на капитален инвестиционен проект - Изградба и поставување на две монтажни катни гаражи за решавање на проблемот со простор за паркирање во централното градско подрачје во Крива Паланка
2. Предлог-Одлука за домашно долгорочно задолжување на општина Крива Паланка со цел обезбедување на финансиски средства за финансирање на преземени обврски и обврски по основ на земени позајмици

Председателот со Советот Изабела Павловска го подржа предлогот на градоначалникот за дополнување на дневниот ред бидејќи ги имал најавено претходно овие 2 точки.

Според советникот Влатко Д.Ристовски согласно деловникот за работа на Советот градоначалникот има право да предложи дополнување на дневниот ред со дополнителни точки но не и со кажаното од негова страна дека се работи за итност да се донесат овие две точки бидејќи советникот смета дека точките прво би требало да поминат на комисија за финансии и дека требало да бидат ставени во редовна постапка.

Исто така и според советничката Ленче Илиевска има прекршување на одредбите од деловникот за работа на Советот и тоа:

Покана за седница на Советот им се испраќа на сите членови на Советот, најдоцна 7 дена пред денот определен за одржување на седницата.Заедно со поканата, на членовите на Советот им се доставува предлог на дневен ред и соодветен материјал за прашањата што се предлагаат на дневен ред.По исклучок, во итни случаи, утврдени со Статутот, претседателот на Советот може да свика вонредна седница и во рок покус од 3 дена, а дневниот ред да го предложи на самата седница

Исто така и според советникот Емил Спасовски е голема несериозност бидејќи точките беа ставени на дневен ред потоа повлечени а сега градоначалникот ги предложува како дополнителни точки на седница на Совет.Задолжувањето е со големи средства и тоа без точките да поминат по редовна постапка прво на комисија за финанасиски прашања и истите да бидат разгледани од страна на истата со едно вакво образложение од страна на градоначалникот дека се работи за итност не е во ред според советникот.

Според советничката Тања Д.Митровска овие точки биле најавени на претходната комисија за финанасиски прашања.Градоначалникот во своето образложение ја има објаснето причината за задолжувањето и какава е процедурата и тоа дека сега се дава согласност службите да ја отпочнат постапката за ова задолжување и дека нема потреба сега од комисија .

Според советникот Влатко Д.Рисовски точно е дека се одржа комисија за финансиски прашања на која овие точки беа најавени со друга содржина и дадена друга сума во истите.На комисија која би се одржала од 20 минути не може да има време да се дискутира за вака битни точки и да се одговорат на сите поставени прашања би требало точките да се стават по редовна постапка како и закажување на комисија.

Градоначалникот побара да се даде пауза од 20 минути да се одржи комисија за финансиски прашања за да се објаснат искрените намери зошто се ставаат овие точки на дневен ред.

Претседателот со Советот побара претседателката на комисијатата за финансиски прашања да се произнесе по донос на одржаната комисија.

Претседателката на комисијата за финансии и локален економски развој Тања Д.Митровска даде образложение за одржаната комисија и дека на истата едногласно со 4 гласа ЗА овие точки да бидат ставени на дневен ред на денешната седница на Совет.

Според советникот Влатко Д.Рисовски со свикување на оваа комисија уште повеќе ја покажавте неодговорноста во работењето на Советот како деловнички треба да се работи.

Советничката Тања Д.Митровска упати забелешка до советниците од опозицијата дека прво побарале комисија потоа не сакале да присуствуваат на истата.

Советничката Ленче Илиевска се изјасни дека тие не побарале сега да се свикува комисија туку побарале точките да одат по редовна постапка и дека имаат укажано на сите неправилности во работата и како би требало да се свикуваат и да работат и комисиите и седниците на Советот.

Исто така и советничката Виолета С.Станојковска се согласува со колегата Влатко Д.Ристовски дека тие parаат редовна процедура за да можат да се произнесат по однос на истите.

Советникот Влатко Д.Ристовски побара правниците од општинската администрација да се произнесат по однос на закажаната комисија за финансиски прашања.

Според градоначалникот доколку сметаат советниците дека со донесувањето на овие две одлуки на денешната седница на Совет општината ќе има штета ќе бидат повлечени но општината ќе има проблем и нема да може да ги извршува основните функции.

Советникот Влатко Д.Ристовски смета дека овие одлуки треба да се донесат на повторно закажана редовна седница на Соевт на општина.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање дневниот ред со дополнителните точки:
1. Предлог-Одлука за домашно долгорочно задолжување на општина Крива Паланка за финансирање на капитален инвестиционен проект - Изградба и поставување на две монтажни катни гаражи за решавање на проблемот со простор за паркирање во централното градско подрачје во Крива Паланка
2.Предлог-Одлука за домашно долгорочно задолжување на општина Крива Паланка со цел обезбедување на финансиски средства за финансирање на преземени обврски и обврски по основ на земени позајмици

Од присутни 18 советници ,12 гласа ЗА и 6 против гласаа точките да бидат ставени како дополнителни во дневниот ред на денешната седница на Совет на општина.

**Д н е в е н  р е д:**

1.Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Крива Паланка за 2024 година;
2.Предлог-Одлука за утврдување на Нацрт верзија за Детален Урбанистички План за дел од блок Ј-06 КО Крива Паланка Општина Крива Паланка со плански период од 2023-2028;
3.Предлог –Правилник за уредување на условите ,начинот и постапката за користење на финансиски сретства од Буџетот на Општина Крива Паланка за субвенционирање на студенти жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред ;
4.Предлог-Одлука за определување на максимален износ на финансиски средства за доделување на поединечна субвенција за студенти за купен дигитален уред во учебната/академската 2023 - 2024 година;
5.Предлог – Одлука за усвојување на Извештај за слободен пристап на информации од јавен карактер за 2023 година – Крива Паланка;
6.Предлог-Одлука за давање на согласност за трансфер на средства на други субјекти за реализација на активности предвидени со Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година ;

7.Предлог-Одлука за определување на име на улици во бесправно изградени населби во Општина Крива Паланка;

8.Предлог-Одлука за давање согласност на измената на годишниот план за вработување за 2024 година на Општина Крива Паланка

9.Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 3223 и к.п.бр.3224 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка.

11. Предлог-Одлука за домашно долгорочно задолжување на општина Крива Паланка за финансирање на капитален инвестиционен проект - Изградба и поставување на две монтажни катни гаражи за решавање на проблемот со простор за паркирање во централното градско подрачје во Крива Паланка

12.Предлог-Одлука за домашно долгорочно задолжување на општина Крива Паланка со цел обезбедување на финансиски средства за финансирање на преземени обврски и обврски по основ на земени позајмици

Председателот со Советот го стави на усвојување дневниот ред на 35-та седница на Совет со дополнување на дневниот ред со дадените предлог точки од страна на градоначалникот и истиот беше усвоен со 12гласа ЗА и 6 против.

**РАСПРАВА ПО ТОЧКА ОД ДНЕВЕН РЕД**

1.Програма за работа на Советот на Општина Крива Паланка за 2024 година

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советничката Ленче Илиевска даде предлози шти би требало да бидат ставени во содржината на програмата и тоа:

-Три месечни извештаи за финансиското работење на ЈП Комуналец

-член 5 став 3 од Законот за ЈП Комуналец

-усвојување на годишната сметка на ЈП Комуналец,член 11 точка 7

-роковите за извештајот и програмата на ЈП во месец Мај не одговара да биде како за општина

-извештај за реализација на програмата за урбано зеленило

-програма и извештајза социјална заштита

-пријавување на мислење од МТСП по програмата и согласности за актите за кои треба.

Забелешките дадени од страна на советничката беа прифатени и истите ќе бидат ставени во програмата.

Советничката Виолета С.Станојковска имаше дадено забелешка по однос на усвојувањето на годишните програми и извештаите за работа за училиштата бидејќи во законот за основно член 49 стои јасно дека училишниот одбор ја доставува до основачот најкасно до 15 Август а се усвојува најдоцна до 31 Август а во програмата стои дека извештаите се носат во месец Септември или Октомври што не е во ред тогаш да бидат усвоени кога веќе програмата основачот веќе треба да ја усвоии би требало да биде поправено бидејќи се коси со законските одредби.

Исто така и забелешката од страна на советничката Виолета С.Станојковска беше прифатени и истата ќе биде корегирана.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 17 советници ,17 гласа ЗА,Советот донесе - **Програма за работа на Советот на Општина Крива Паланка за 2024 година**

2.Одлука за утврдување на Нацрт верзија за Детален Урбанистички План за дел од блок Ј-06 КО Крива Паланка Општина Крива Паланка со плански период од 2023-2028

Раководител на Секторот за урбанизам,сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура Маја Костадиновска даде објаснување

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,12 гласа ЗА и 6 воздржани,Советот донесе- **Одлука за утврдување на Нацрт верзија за Детален Урбанистички План за дел од блок Ј-06 КО Крива Паланка Општина Крива Паланка со плански период од 2023-2028**

3.Предлог –Правилник за уредување на условите ,начинот и постапката за користење на финансиски сретства од Буџетот на Општина Крива Паланка за субвенционирање на студенти жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советничката Ленче Илиевска побара објаснување зоштио се носи нов правилник кога минатата година бил донесен ако нема измени во истиот.

Раководителот на ЛЕР Антонио Давитковски даде објаснуање

Советничката Виолета С.Станојковска имаше забелешка по однос на Правилникот за студентите од I година како тие ќе аплицираат кога тие ќе немаат 70 %положени испити би требало да се најде начин и за нивисто така би требало да се наведе во извештајот колку средства се потрошени и колку студенти имаат аплицирано за купување на дигитален уред.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,18 гласа ЗА,Советот донесе- **Правилник за уредување на условите ,начинот и постапката за користење на финансиски сретства од Буџетот на Општина Крива Паланка за субвенционирање на студенти жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред**

4.Предлог-Одлука за определување на максимален износ на финансиски средства за доделување на поединечна субвенција за студенти за купен дигитален уред во учебната/академската 2023 - 2024 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Според советникот Влатко Д.Ристовски би требало одделението за финансиски прашања да се произнесе дали има средства пред да се носта вакви одлуки.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,18 гласа ЗА,Советот донесе- **Одлука за определување на максимален износ на финансиски средства за доделување на поединечна субвенција за студенти за купен дигитален уред во учебната/академската 2023 - 2024 година**

5.Предлог – Одлука за усвојување на Извештај за слободен пристап на информации од јавен карактер за 2023 година – Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,18 гласа ЗА,Советот донесе- **Одлука за усвојување на Извештај за слободен пристап на информации од јавен карактер за 2023 година – Крива Паланка**

6.Предлог-Одлука за давање на согласност за трансфер на средства на други субјекти за реализација на активности предвидени со Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,18 гласа ЗА,Советот донесе- **Одлука за давање на согласност за трансфер на средства на други субјекти за реализација на активности предвидени со Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година ;**

7.Предлог-Одлука за определување на име на улици во бесправно изградени населби во Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Според советничката Ленче Илиевска определувањето на име на улица во бесправно изградени населби би требало да стои со бројка а не како што е наведено во одлуката со збор.

Раководител на Секторот за урбанизам,сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура Маја Костадиновска даде објаснување дека така добиле насока од централен регистар.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,18 гласа ЗА,Советот донесе- **Одлука за определување на име на улици во бесправно изградени населби во Општина Крива Паланка**

8.Предлог-Одлука за давање согласност на измената на годишниот план за вработување за 2024 година на Општина Крива Паланка

Раководителот на човечки ресурси Игор Додевкси даде објаснување за оваа точка

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,12 гласа ЗА и 6 против,Советот донесе- **Одлука за давање согласност на измената на годишниот план за вработување за 2024 година на Општина Крива Паланка**

9.Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 3223 и к.п.бр.3224 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка.

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советникот Моме Крстевски побара објаснување дали се запазени законските прописи и дали имаат доставено писмен допис до институциите и повратна согласност од нивна страна.

Раководител на Секторот за урбанизам,сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура Маја Костадиновска даде објаснување

Советникот Моме Крстевски не беше задоволен од одговорот на раководителката и се додека немаат добиена согласност објектот не може да се легализира.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,12 воздржани и 6 против,Советот не усвои - **Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 3223 и к.п.бр.3224 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка**

10.Предлог-Одлука за домашно долгорочно задолжување на општина Крива Паланка за финансирање на капитален инвестиционен проект - Изградба и поставување на две монтажни катни гаражи за решавање на проблемот со простор за паркирање во централното градско подрачје во Крива Паланка

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Претседателката Тања Д.Митровска на комисија за финансии и локален економски развој даде образложение дека се одржа комисијата точките беа разгледани како предмет на дискусија на самата комисија за истите градоначалникот даде објаснување но за точките може да дискутираме и сега на самата седница.

Според советникот Влатко Д.Ристовски кога се закажува седница на Совет се закажува со дневен ред и втз основа на точките од дневниот ред се свикуваат комисиите ,може да се служи комијата да предложи да се повлече некоја точка додека во овој случај немаше точка од дневен ред за која претседателката закажа комисија и беше прекршен членот 87 од деловникот за работа на Советот.

Реплика од страна на советничката до колегата беше дека дневниот ред кој бил доставен во материјалите пред 7 дена немаше точки за работа за комисија за финансиски прашања на денешната седница беа предложени две дополнителни точки од страна на градоначалникот и поради тоа сега беше закажана комисијата бидејчи градоначалникот

сакаше да даде објаснување зошто ги предлага тие дополнителни точки на дневен ред на денешната седница на Советот.

Советникот Дане Милошевски се изјасни дека ќе даде подршка за донесување на оваа одлука бидејќи убаво е да се живее во урбано уреден град.Во нашиот град хигиената е подобрена додека сообраќајниот хаос се уште не е решен средствата ќе бидат наменски ќе бидат изградени две катни гаражи што ќе го намали сообраќајниот хаос во градот.Советникот имаше дадено предлози кои би требало да се разгледаат за да општината дојде до прилив на средства за да може побрзо да бидат вратени средствата кои планираат да бидат земени како кредит.

Советникот Моме Крстевски побара појаснување бидејќи се работи монтажните објекти се од времен или траен карактер и дали согласно урбанистичкиот план на градот е предвидено изградба на такви катни гаражи.

Градоначалникот даде објаснување дека поставувањето на монтажните демонтажни челични конструкции ќе се изврши според правилникот на Министерството за транспорт и врски каде што дава можност за поставување на катни монтажни и демонтажни катни гаражи и самите локации се предвидени според актуелните постоечки детални урбанистички планови.

Советничката Ленче Илиевска постави прашање на кој начин се планира враќањето на овие средства односно ратите за кредитот како ќе се плаќаат навреме.

Градоначалникот даде објаснување дека се средствата ќе бидат враќани навреме и дека како градоначалник има најголема одговорност.

Советникот Влатко Д.Ристовски побара објаснување дали има техничка документација и како е дојдено до оваа сума за истите .

Градоначалникот даде објаснување на прашањето од страна на советникот

Според советникот Емил Спасовски треба да се направи анализа за што ќе бидат потрошени средствата и според советникот со поставувањето на катните гаражи нема да се реши проблемот со паркинг местата и сообраќајниот хаос во гардот.Советникот смета дека оваа одлука и ова задолжување не треба да се донесе на денешната седница.

Градоначалникот даде објаснување по примерите што ги има разгледувано каде има поставено катни гаражи во други општини .

Советникот Влатко С.Ристовски во негово име и од име на неговата политичка партија се изјасни дека ќе се иземе од гласање по точка 10 и 11.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 16 советници ,10 гласа ЗА и 6 против,Советот донесе-**Одлука за домашно долгорочно задолжување на општина Крива Паланка за финансирање на капитален инвестиционен проект - Изградба и поставување на две монтажни катни гаражи за решавање на проблемот со простор за паркирање во централното градско подрачје во Крива Паланка**

11. Предлог-Одлука за домашно долгорочно задолжување на општина Крива Паланка со цел обезбедување на финансиски средства за финансирање на преземени обврски и обврски по основ на земени позајмици

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советникот Влатко Д.Ристовски имаше дадено забелешка по однос на оваа одлука како прво советникот смета дека во самата одлука нема наведено за кои превземени обврски и нивно враќање се работи, дали има согласност од приватниот партнер и дали истиот во целост ја има завршено услугата спрема општината за да му бидат вратени средствата и многу други нејасни работи за кои советникот смета дека прво би требало да се повика ревизија а потоа да се отпочне било каква постапка.

Градоначалникот даде објаснување дека ова претставува сериозен проблем и може да се разговара кога и да сакаат советниците и мора да се реши тој проблем.

Според советникот Емил Спасовски која е потребата да се вратат тие долгови бидејќи за одредени кредити си има прилив од каде се враќаат средствата што ќе се постигне ако се вратат тие 45 мил денари за јавното приватно партнерство за улично осветлување и како што беше кажано и претходно дека не е во ред истото и дека општината само ќе биде во загуба, исто така дали се она што е гласано на советот за кофинансирање на средствата се уште не е исплатено на изведувачите и затоа се ставени тие 10 мил денари за кофинансирање побара објаснување советникот.

Градоначалникот даде објаснување

Советничката Тања Д.Митровска како советник од претходниот мандат даде објаснување дека секогаш имаат работено по добиените материјали и по податоци кои биле доставени до самите советници со намера да се донесе таа одлука и да и се помогне на општината доколку се утврди дека податоците биле неточни советничката се согласува дека треба некој за тоа да сноси одговорност.

Советникот Влатко Д.Ристовски смета дека секој советник има своја сопствена одговорност и да си направи анализа поединечно за носење на било која одлука дали смета дека истата е во ред или не.

Советничката Тања Д.Митровска не се изема од нејзината одговорност само дека советниците работат по добиените материјали од службите и работат само за доброто на општината.

Советникот Моме Крстевски како советничко право побара поединечно изнсување по однос на оваа одлука.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката.

1. ИЗАБЕЛА ПАВЛОВСКА, ЗА
2. ТАЊА ДЕЈАНОВСКА МИТРОВСКА, ЗА
3. НИКОЛА ЈАКИМОВСКИ,ЗА
4. МЕРИ МИТРОВСКА ЈОВАНОВСКА,ЗА
5. ВЛАТКО С.РИСТОВСКИ не гласаше
6. МАРТИН ПОЦЕВСКИ,ЗА
7. БИЛЈАНА КРСТЕВСКА,ЗА
8. ДАНИЕЛ АНЃЕЛОВСКИ,ЗА
9. СРЕТИМИР НИКОЛОВСКИ,ЗА
10. АЛЕКСАНДРА ЈОВАНОВИЌ,ЗА
11. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ,ЗА
12. ЕМИЛ СПАСОВСКИ,ПРОТИВ
13. ВИОЛЕТА СТАНКОВСКА СТАНОЈКОВСКА,ПРОТИВ
14. ВЛАТКО Д.РИСТОВСКИ,ПРОТИВ
15. ЛЕНЧЕ ИЛИЕВСКА,ПРОТИВ
16. МЕНДЕ РИСТОВСКИ,ПРОТИВ
17. МОМЕ КРСТЕВСКИ,ПРОТИВ
18. СЛАВИЦА ПЕТКОВСКА,ЗА

Од присутни 18 советници ,11 гласа ЗА и 6 против,Советот донесе- **Одлука за домашно долгорочно задолжување на општина Крива Паланка со цел обезбедување на финансиски средства за финансирање на преземени обврски и обврски по основ на земени позајмици**

Записничар
Клара Стевановска

Претседател на Совет
Изабела Павловска